# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 12 * година VII* 03.10.2012 година * Карпош * цена:

Излегува по потреба

e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, октомври 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

| | |
|---|---|
| **Број 08- 7088/1** | **ГРАДОНАЧАЛНИК** |
| **03.10.2012 година** | **НА ОПШТИНА КАРПОШ,** |
| **Скопје** | **Стевчо Јакимовски,с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а член 10 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/2002,,40/2003, 49/2006 ,22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012), Советот на Општина Карпош на Педесет и осмата седница одржана на 02 октомври 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за давање согласност на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје

член 1

Се дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас „КАР-ГАС“ – Скопје, бр.01-1/3 донесен на седницата на Управниот одбор на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен гас “КАР –ГАС“ Скопје одржана на 27.09.2012 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.10.2012 година.

Број 07 -6866/2
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година, донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/2**
**03.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Педесет и осмата седница одржана на 2012 година донесе

**ПРОГРАМА**

за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

1.Се врши дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2012 ,бр.4/2012 , бр.5/2012 , бр.7/2012 и бр.9/2012).

Во делот II, по точката 60.2 се додаваат две нови точки и тоа:

61.1-Нацрт- Одлука за Детален урбанистички план за измена и дополна на Детален урбанистички план за северниот дел од касарната “Илинден“ Скопје, Општина Карпош Скопје

61.2-Предлог-Одлука за донесување на измена и дополна на Детален урбанистички план за северниот дел од касарната “Илинден“ Скопје, Општина Карпош Скопје

**2.**Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -6866/3
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски **,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 7088/3**
**03.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври 2012 година, донесе

## ПРОГРАМА

за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година

1.Во Програмата за дејноста спорт за 2012 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 19/2011, бр.4/2012 и бр.7/2012 ), во дел IV. Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, точка 4. Материјална поддршка на спортски клубови од Општина Карпош износот „3.800.000,00 “ се заменуваат со износот „ 8.800.000,00 “.

Во точка 5. Поддршка и помош на други спортисти,спортски клубови, спортски институции, турнири и проекти од спортот износот „1.200.000,00” се заменува со износот „ 4.200.000,00 “.

**2.**Во глава VII. Финансирање, во став 1 исносот „18.340.000,00 “се заменува со износот „27.340.000,00 “.

3.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07 -6866/4
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 7088/4**<br>**03.10.2012 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**<br>**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница одржана на 02 октомври 2012 година донесе

# ПРОГРАМА

за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година

1. Во Програмата за работа во областа на располагање со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.9/11, 12/11 и 19/11), се врши измена на градежните парцели-ГП 1.2, ГП 1.3 и ГП 1.4 за локалитет ГУЦ Здравко Цветковски, дадени во табеларниот преглед на градежни парцели за оттуѓување со јавно наддавање, кој е составен дел на оваа програма, во однос на општите урбанистичко-архитектонски услови, со намена на градба-домување во станбени згради, согласно Детален урбанистички план за изменување и дополнувања на Детален урбанистички план на дел од УЗ Тафталиџе 30, блок ГУЦ Здравко Цветковски, донесен со Одлука бр.07-5749/19 од 31.08.2012 година.

2. Исто така се врши дополнување на програмата со нова градежна парцела за оттуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање во локалитет- населба Тафталиџе 1, која што претставува ГП 6.01, со намена на градба-образование, согласно Детален урбанистички план за дел од населба Тафталиџе 1, “Тафталиџе 1 север-југ“, донесен со Одлука бр.07-3743/1 од 08.06.2012 година, дадена во табеларен преглед на градежни парцели кој е составен дел на оваа програма.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -6866/5<br>03.10 .2012 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Душан Велкоски,**с.р.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ

| Локалитет | Бр.Градежна парцела | Бр.Катастарска парцела | Намена на земјиште | Површина на гр. парцела(м2) | Површина на габарит (м2) | Максимално изградена | Процент на изграденост | Коефициент на | Висина до венец (м) | ДУП |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ГУЦ Здравко Цветковски | 1.2 | 2789<br>2790 | А2 | 2437 | 1120 | 8960 | 45,96 | 3,68 | 21,8 | ДУП: Измена и дополнување на ДУП на дел од УЗ Тафталице 30, блок ГУЦ Здравк Цветковски |
| ГУЦ Здравко Цветковски | 1.3 | 2776/3 | А2 | 1518 | 750 | 6000 | 49,41 | 3,95 | 21,8 | ДУП: Измена и дополнување на ДУП на дел од УЗ Тафталице 30, блок ГУЦ Здравк Цветковски |
| ГУЦ Здравко Цветковски | 1.4 | 2775/1<br>2776/5 | А2 | 2720 | 1173 | 9384 | 43,13 | 3,45 | 21,8 | ДУП: Измена и дополнување на ДУП на дел од УЗ Тафталице 30, блок ГУЦ Здравк Цветковски |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Населба Тафталице 1 | 6.01 | 3408 | В1 | 10444 | 4000 | 20000 | 38,30 | 1,91 | 13,50 | ДУП: Дел од Тафталице 1, “Тафталице 1 север-југ“ |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште

1.Се објавува Одлуката за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/5** ГРАДОНАЧАЛНИК
**03.10.2012 година** НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Скопје** Стевчо Јакимовски,с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002 ), член 9, ставови 3 и 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 17/11 и 53/11) и член 33 од Законот за сопственост и други стварни права („Службен весник на РМ“ бр.18/01 и 92/08), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври 2012 година донесе:

## ОДЛУКА

за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште

### Член 1

Не се прифаќа понудата за првенственото право на купување на градежно земјиште планирано за градење на објекти од јавен интерес од локално значење од сосопствениците Доста Илиевска, Добрилка Ичева, Василка Баковска, Цветанка Аџиевска и Катица Павлоска од Скопје, преку овластен нотар Снежана Видовска од Скопје, на пет идеални делови по 828/8214 м2, односно на вкупен идеален дел од 4140/8214 м2 од КП бр. 3230/40 КО-Карпош во вкупна површина од 8214 м2 од кои идеален дел од 4074/8214 во сосопственост на Република Македонија, на пет идеални делови по 12/130 м2, односно на вкупен идеален дел од 60/130 м2 од КП бр. 3230/41 КО-Карпош во вкупна површина од 130 м2 од кои идеален дел од 70/130 во сосопственост на Република Македонија и на пет идеални делови по 36/370 м2, односно на вкупен идеален дел од 36/370 м2 од КП бр. 3230/42 КО-Карпош во вкупна површина од 370 м2 од кои идеален дел од 190/370 во сосопственост на Република Македонија, предвидени со намена на градба-домување во станбени згради.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -6866/6<br>03.10 .2012 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ “ Вера Циривири Трена” за функционирање на Центар за креативно живеење „парК”

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ “ Вера Циривири Трена” за функционирање на Центар за креативно живеење „парК” донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/6** | **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.10.2012 година** | **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** | **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02/, Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ “ Вера Циривири Трена” за функционирање на Центар за креативно живеење „парК”

Член 1

Во Одлуката за обезбедување локација за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ„ Вера Циривири Трена” за функционирање на Центар за креативно живеење „парК”(„Службен гласник на Општина Карпош ”бр.9/12), членот 5 се менува и гласи:

“По завршувањето на периодот за користење на локацијата, утврдена во член 2 на оваа одлука, Општина Карпош, Здружението на граѓани „Јунона” и Амбасадата на Кралството на Холандија во Република Македонија (партнер на проектот) спогодбено ќе се договорат за понатамошното функционирање на Центарот за креативно живеење „парК”и за користење на монтажно-модуларниот објект.”

Член 2

Членот 6 се брише.

Член 3

Во членот 7, по зборот „Јунона” се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 4

Составен дел на оваа одлука е и склучениот Договор за начинот за користење на локацијата за поставување на монтажно-модуларен објект во дворното место на ООУ „Вера Циривири Трена” за функционирање на Центар за креативно живеење „парК” бр.6881/1 од 27.09.2012 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Склужбен гласник на Општина Карпош”.

Број 07 -6866/7 ПРЕТСЕДАВАЧ

03.10 .2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,

С к о п ј е Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција на ООУ “Братство“ - Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција на ООУ “Братство“ - Општина Карпош донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/7**
**03.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002),Советот на Општина Карпош на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври2012 година, донесе

## О Д Л У К А

за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за реконструкција на ООУ “Братство“ - Општина Карпош

**член 1**

Општина Карпош, како инвеститор на реконструкција на ООУ “Братство“ - Општина Карпош, со седиште на ул.Московска“ бр.18, населба Тафталиџе,Г.П. 9.6, КП бр.3466, КО Карпош, се ослободува од обврската за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште.

**член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 17.07.2012 година.

Број 07 -6866/8
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас на територијата на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас на територијата на Општина Карпош, донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

**Број 08- 7088/8** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.10.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точки 4 и 13 и член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа(Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 9, став 2 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/2012) и членовите 91, 92, 93, 94 и 95 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија” бр.16/11 и 136/11), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври 2012 година донесе

ОДЛУКА

за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас на територијата на Општина Карпош

Член 1

Во Одлуката за основање Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас на територијата на Општина Карпош („ Слижбен гласник на Општина Карпош” бр.7/12 и 10/21), во член 17, во вториот ред бројот „ 90 “ се заменува со бројот „ 120”

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07 -6866/9
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за одобрување на средства за натамошен развој и функционирање на КК „КАРПОШ СОКОЛИ -2000“ - Скопје

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за основање Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас на територијата на Општина Карпош, донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.10.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница, одржана на 02 октомври 2012 година донесе

## ОДЛУКА

за одобрување на средства за натамошен развој и функционирање на КК „КАРПОШ СОКОЛИ -2000“ - Скопје

### Член 1

Се одборува барањето на средства за натамошен развој и функционирање на КК “КАРПОШ СОКОЛИ – 2000“ - Скопје, бр.08-6610/1 од 21.09.2012 година, доставено од КК „КАРПОШ СОКОЛИ – 2000“ – Скопје.

### Член 2

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 3.000.000,00 денари.

За начинот на користењето на средствата од став 1 на овој член да се склучи договор со КК “КАРПОШ СОКОЛИ -2000“ Скопје.

### Член 3

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма ЛО – Спорт и рекреација, ставка 463 – трансфер до невладини организации, подставка 463120 – трансфер до спортски клубови.

### Член 4

За одобрените средства КК „КАРПОШ СОКОЛИ – 2000“ е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај.

### Член 5

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

### Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Карпош.

Број 07 -6866/10 ПРЕТСЕДАВАЧ
03.10 .2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за издавање под закуп на деловен простор

1.Се објавува Одлуката за за издавање под закуп на деловен простор, донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/10**
**03.10.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), Советот на Општина Карпош, на Педесет и осмата седница одржана на 02 октомври 2012 година донесе

## ОДЛУКА
за издавање под закуп на деловен простор

Член 1

Се издава под закуп деловен простор, сопственост на Општина Карпош, со вкупна површина од 74 м2, лоциран на Ул. „Орце Николов“ бр. 161 во дворот на ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ во Скопје.

Член 2

Деловниот простор од член 1, да се издаде под закуп по пат на јавно наддавање со објава во дневен весник.

Член 3

Висината на закупнината која преставува почетна цена на јавното наддавање, формирана врз основа на пазарната цена за закупнина за иста локација, како и постапката за јавно наддавање, ќе ја утврди и спроведе Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање, формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

Член 4

Се задолжува Комисијата од член 3, да ја спроведе постапката за јавно наддавање за давање под закуп на деловен простор од член 1 од оваа одлука.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила од наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -6866/11 ПРЕТСЕДАВАЧ
03.10 .2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е Душан Велкоски,**с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место Ски центар Водно,разработка на Блок А.1 –Б4,Б2,Б3-В2 и Б3 Општина Карпош Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место Ски центар Водно,разработка на Блок А.1 –Б4,Б2,Б3-В2 и Б3 Општина Карпош Скопје, донесена на Педесет и осмата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 02 октомври 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општина Карпош″.

**Број 08- 7088/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**03.10.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09, 124/2010,18/2011 и 53/2011) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Педесет и осмата седница одржана на 02 октомври2012 година, донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт урбанистички план вон населено место Ски центар Водно,разработка на Блок А.1 –Б4,Б2,Б3-В2 и Б3 Општина Карпош Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт урбанистички план вон населено место Ски центар Водно,разработка на Блок А.1 –Б4, Б2,Б3-В2 и Б3,Општина Карпош Скопје.

Нацрт урбанистичкиот план е изработен според одредбите за спроведување на Просторниот план на Република Македонија 2002-2020 година, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

Зпочнува од тромеѓето меѓу К.О. Горно Водно,К.О.Горно Соње и К.О. Горно Нерези,продолжува на север по границата помеѓу К.О.Горно Водно и К.О. Горно Нерези продолжува по западната страна на КП 1355(поток Буковиќ)
Продолжува по јужната страна на КП 1238,КП 1239,КП 1261 и КП 1260,продолжува по источната страна на КП 1260,продолжува по југоисточната страна на КП 1256 и КП 1257/1, продолжува по постоен пат со КП 1554,продолжува по постоен пат со КП 1449,продолжува по постоен пат со КП 1390/1, продолжува по постоен пат со КП 1341, продолжува по постоен пат со КП 338,го сече постојниот пат со КП 619 продолжува на северната страна на КП 768,КП 769, КП 770 и КП 772,продолжува на југ по постојна пешечка патека која минува низ КП 834,КП 779,КП 830, КП 829, КП 818 и КП 904/1,продолжува на јужната страна по постоен пат,продолжува по границата помеѓу КО Горно Соње и КП Горно Водно се до почетната точка од тромеѓето меѓу КО Горно Водно,КО Горно Соње и КО Горно Нерези.

Површината на урбаниот опфат изнесува 183 ха.

**Член 3**

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи на намени:
А4-времено сместување,
Б1-мали комерцијални и деловни намени
Б3-големи угостителски единици
Б4-деловни простори
Б5-хотелски комплекси,
В5-верски институции,
Д1-парковско зеленило
Д4-меморијални простори
Е1-комунална инфраструктура
Е2- комунална супраструктура – паркирање
Е2-комунална супраструктура
Е2-комунална супраструктура-коридор за жичара
Е2-комунална супраструктура-постојни трафостаници и жичара
Максималната висина на објектите по спратови изнесува П и П+1 и П+2.
Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 -6866/12
03.10 .2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Душан Велкоски,**с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за давање согласност на Статутот
на Јавното претпријатие за дистрибуција на природен
гас “Каргас“ Скопје
2.-Програма за дополнувње на Програмата за работа
на Советот за 2012 година
3.-Програма за измена на Програмата за дејноста
спорт за 2012 година
4.-Програма за дополнување на Програмата за
работа во областа на располагање со градежно
земјиште во сопственост на Република Македонија
на подрачјето на Општина Карпош за 2011 година
5.-Одлука за неприфаќање на понуда за првенствено
право на купување на градежно земјиште
6.-Одлука за изменување на Одлуката за
обезбедување на локација за поставување на
монтажно-модуларен објект во дворното место на
ООУ “Вера Циривири Трена“ за функционирање
на Центар за креативно живеење “парК“
7.-Одлука за ослободување од плаќање на надоместок
за уредување на градежно земјиште за реконструкција
на ООУ “Братство“ Општина Карпош
8.-Одлука за изменување на Одлуката за основање
на Јавно претпријатие за дистрибуција на природен гас
на територија на Општина Карпош 9.-Предлог-Одлука
за одобрување на средства за натамошен развој
и функционирање на КК “КАРПОШ СОКОЛИ – 2000“ Скопје
10.-Одлука за издавање под закуп на деловен простор
11.-Одлука за утврдување на Нацрт урбанистички план
вон населено место Ски центар Водно,разработка на
Блок А.1 –Б4,Б2,Б3-В2 и Б3 Општина Карпош Скопје

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** бул. Партизански одреди бр.68, тел. 3065-925
**Тираж:** 25 примероци